Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03 - 48/1
21.4. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

До
Г-а Бети Стаменкоска Трајкоска
Собрание на РСМ

**Предмет:** Одговор на барање за слободен пристап на информации од јавен карактер

Почитувани,

По разгледување на Ваше барање бр.03-47/1 од 24.03.2022 година во врска обуките за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење Ве информираме за следното:

1. Број на организирани обуки за директори од страна на Државен испитен центар е даден подолу. Имено:

➢ **2018 година одржани се следните обуки:**

***Македонски јазик:***
- довршени се 4 обуки (започнати во 2017 година);
- 8 целосни обуки;
- започната е 1 обука (довршена е во 2019 година).

***Албански јазик:***
- 3 целосни обуки

➢ **Во 2019 година одржани се следните обуки**:

***Македонски јазик:***
- довршена е 1 обука (започната во 2018 година);
- 2 целосни обуки.

***Албански јазик:***
- 1 целосна обука.

➢ **Во 2020 година одржани се следните обуки**:

***Македонски јазик:***
- 3 целосни обуки.

***Албански јазик:***
- нема

➢ **Во 2021 година одржани се следните обуки**:

***Македонски јазик:***
- 4 целосни обуки.

***Албански јазик:***
- 1 целосна обука

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

2. Во периодот од 2018 до 2021 година Државниот испитен центар нема организирано ниту една напредна обука за директори
   Имено, за подобра подготовка за успешна организација и реализација на напредната обука за директори, директорот на ДИЦ формираше работна група за изработка на стратешки документи за имплементација на истата. Работната група направи сеопфатно акнетирање и анализа на потребите од напредни обуки на директори. Согласно анализата изготвена е Предлог програма за напредни обуки на директори на основни и средни училишта, и истата заедно со анализата е доставена на 21.07.2021 година до Министерот за образование и наука на одобрување и понатамошно постапување. Во насока на започнување на активности за реализација на напредните обуки за директори на училишта, а согласно член 22 став 4 од Законот за обука на директори Програмата за напредна обука на директори ја пропишува министерот за образование и наука, на предлог на Државен испитен центар.
   Гореспоменатата програма сеуште не е донесена и затоа е повторно испратена до Министерот за образование и наука г-н Јетон Шаќири на 24.03.2022 година.
   До денес сеуште немаме писмено одобрена програма како би можеле да започнеме со реализација на напредни обуки пропишани со Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018).
   Од горенаведеното подготовката за реализацијата на напредните обуки за директори на училишта ќе започне кога предложената Програма за напредна обука на директори ќе ја пропише министерот.

3. Директорот на Државен испитен центар од страна на комисијата за ревизија и одземање на уверение за директор, во периодот од 2018-2021 година нема добиено предлог за одземање на уверение на директор.

4. Државен испитен центар на својата веб страна ја има објавено евиденцијата за лица кои се стекнле со уверение за директор која ги содржи сите законски предвидените податоци освен колоната за „датум на одземање на уверението“ и истата се наоѓа на следниов линк:
   https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2020/08/%D0%A1%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BE%D0%BA-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%B2%D0%B0%D0%B6%D0%B5%D1%87%D0%BA%D0%BE-%D1%83%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%B1.pdf

   Ова е поради тоа што директорот на Државен испитен центар од страна на комисијата за ревизија и одземање на уверение за директор, во периодот од 2018-2021 година нема добиено предлог за одземање на уверение на директор.
   Што се однесува на евиденцијата за лица кои се директори на училишта истата беше објавена на веб страната на ДИЦ до ноември 2021 година. Причината за нејзиното

Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

привремено повлекување беа реакциите од страна на јавноста за застареност на податоците во истата.

Од друга страна пак иако единиците на локална самопуправа и МОН согласно членот 23 ставовите 4 и 5 од Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018) имаат обврска во рок од 10 дена да не информираат за секоја промена на директорите на училишта за кои се надлежни, истите тоа не го прават. До сега Државниот испитен центар на наколку наврати им укажуваше на единиците на локална самопуправа и МОН за нивната законска обврска, но само непосредно по укажувањето добивавме податоци од некои од нив.

Во наредниот период ДИЦ планира повторно да се обрати до единиците на локална самопуправа и МОН за добивање на податоци и ажурирање на базата што ќе биде објавена на веб страната на Државен испитен центар.

5. Врз основа на член 37 од Законот за обука испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓанскиуниверзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15,192/15, 30/16, 120/18 и 140/18) *кандидатите кои се стекнале со уверение за директор согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, должни се најдоцна до 1 септември 2020 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор согласно одредбите од овој закон.*

   Потоа Владата на Република Северна Македонија поради пандемијата со COVID 19 на 12 мај 2020 година донесе уредба согласно која важноста на уверенијата се продолжува за онолку денови колку што траела вонредната состојба, односно до 07 декември 2020 година. Сите кандидати што не го продолжиле Уверението за положен испит за директор до 07 декември 2020 година должни се повторно да слушаат обука и да полагаат испит.

   Сите податоци од Регистарот што е објавен на веб страната на Државен испитен центар за лицата со важечко уверение се обновени и точни.

Со почит,

Директор
м-р Елизабета Наумовска

Изготвил: м-р Лидија Нарашанова

Контролирал: м-р Даниела Јорданова